

МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
ЦРКОВНА ОПШТИНА СВЕТА ТРОИЦА-МИНХЕН

## СОДРЖИНА:

Вовед 1

Како го запознаваме Бога 2

Активности/ Настани 3

Апел 4



# ПОЧИТУВАНИ ВЕРНИЦИ,

ја користам оваа прилика да ви ги честитам Божикните и Новогодишните празници со желби за мир и благосостојба, како во вашите срца, така и во вашите домови и низ целиот свет. Еве, годината што измина, за секого од нас имала посебна тежина, за некого со поголеми, за некого со помали искушенија. Но, затоа, нашата црква и нашата православна вера ни ја даваат надежта да го најдеме мирот во Богомладенецот Христос, кој се роди заради нас. Во време кога се‘ повеќе сме изложени на опасности од различен карактер во во светот во кој живееме, во време кога човекот сè повеќе се отуѓува од ближниот до себеси, во време кога младиот човек е лесен плен на пороците кои го демнат, црквата се појавува во улога на мајка, која се грижи за своите чеда, и пак и пак ги повикува своите верници, да се вратат во нејзините прегратки за да го подигни човекот на нозе, па повторно да зачекори по патот за кој е создаден,а тоа е Спасението на својата душа.

Драги браќа и сестри, во годината што ја оставаме зад нас, исто така да сакам кажам дека и ние како црковна општина, постигнавме доста резултати во однос

на нашата црковна општина, во изминатата година се збогати инвентарот во црквата, со тоа што: се направи иконостас, кој го краси нашиот храм, посебни шандани за палење свеќи надвор од храмот, разни други елементи, икони, прекривки и сл., кои го збогатуваат изгледот на црквата.

Исто така, во однос на богослужбениот дел имаме промена, со тоа што од септември минатата година се служи Света Литургија секоја недела, наместо досегашниот богослужбен ритам на две недели. Имаме црковен хор, кој што полека но сигурно се надоградува со текот на времето и со своето пеење ги збогатува неделните богослужби, кои од јануари оваа година започнуваат во 10:00 часот.

На крајот од ова мое обраќање би сакал уште еднаш да се заблагодарам на сите верници кои ја помагаат и ја посетуваат нашата црковна општина која што веќе прераснува во центар на жива вера.

Со надеж за поголеми радости во Новото 2025-то Лето Господово, уште еднаш ви ги честитам празниците и ви посакувам успешна и благословена година.

Парохиски свештеник
Отец Миле Велјановски

# КАКО ГО ЗАПОЗНАВАМЕ БОГА

Во животот на секој човек има различни фази, врз чија основа се гради човечката личност. Обично, како што учи и модерната психологија, карактерот на човекот се гради во првите пет години од животот. Тоа  значи дека, уште во детска возраст, односно во онај најран период од човечкиот живот се утврдува карактерот на човекот. Сè што следува подоцна, се надоградува на веќе поставените карактерни особини на детето кое што со текот на времето израснува во возрасна личност. Меѓутоа, една од поважните работи, можеби и најважна во градењето на карактерот на човекот, е запознавањето на човечката душа со Бога и нејзино доближување и уподобување со него.




Има луѓе кои го спознаваат Бога уште од мали нозе и врз основа на тоа, нивниот карактер и нивниот живот се гради врз учењето на црквата. Меѓутоа, има и луѓе кои го спознаваат Бога како зрели личности, па дури и во поодминати години.

Кога ќе ги анализираме сите овие возрасни категории на луѓе и ако треба да ги „рангираме“ според нивната близина со Бога и нивното познавање на Бога, секако

дека според човечката логика, ќе кажеме дека оние што го спознале Бога како деца најдобро го познаваат Него, па потоа по ред доаѓаат погоре споменатите категории. Меѓутоа, ова е според човечката логика, која се раководи според своето рацио, а во црквата не секогаш се случуваат работи подложни на расудување според нашиот разум, туку и според степенот на нашата вера. Зошто го кажувам ова?

Па да се сетиме на настаните од Христовите страдања и неговото распетие: Јуда кој што беше со него за цело време, на крајот го предаде и знаеме како заврши, а разбојникот на крстот којшто беше распнат од десната страна на Христос, во моментот кога беше соочен со очај, гледајќи што се случува околу него, го спозна Христос Бог и свесен за својата грешност, го замоли Христос да си спомни за него во Царството Небесно, а Христос пак му се обрати со зборовите „...Вистина ти велам, денес ќе бидеш со мене во рајот...“ (Лука 24,43). Што сакам да кажам со погоре изнесеното?!

Јасно е дека, близината со Бога е многу битна компонента која го формира нашиот карактер, меѓутоа истата таа компонента, мора постојано да се одржува и да се прихранува, на начин што човекот ќе живее литургиски живот. Ако не го одржуваме тој континуитет, ќе се отуѓуваме еден од друг. Затоа, карактерот на онај кој го познава Бога од мали нозе, ако го одржува тој континуитет ќе биде богоподобен, ама само ако го живее христијанскиот живот до неговиот крај. А пак онај, кој не го спознал Бога од најрана возраст има начин исто така, преку покајание да го промени својот карактер и да го гради согласно учењето на црквата.

На крајот на овај текст ќе спомнам само дека, колку ние се трудиме да се доближиме до Бога, толку тој ќе ни се открива според мерата на нашиот духовен раст. Колку ние сме спремни да ги согледаме недостаците наши кои ни го попречуваат патот до спознавањето со Него, толку Бог ќе ни помага на патот којшто завршува со вечна средба со Него. Амин!



# АКТИВНОСТИ/ НАСТАНИИ

- На 24.06.2024 делегација од нашата црковна општина со парохискиот свештеник о.Миле Велјановски, имаше средба со Викарниот епископ на германската епархија на Романската православна црква г. Софиан во неговото седиште во Минхен.
- На 2.11.2024 нашата црковна општина беше домаќин на богослужбата по повод Почеток на зимскиот семестар на православниот теолошки институт при универзитетот ЛМУ во Минхен, на која учество зедоа повеќе свештеници од помесните цркви.
- На 04.12.2024 потпреседателот на црковната општина г. Филип Новковски зеде учество на седница на АЦК Минхен, Работна група на христијанските цркви во Минхен.

# АПЕЛ

Ги повикуваме сите верници кои се во можност и сакаат да ја помогнат нашата црковна општина, тоа да го направат преку месечен прилог кои сами ќе го одредат во форма на Dauerauftrag на црковното конто:

**Mazedonische Orthodoxe Kirchengemeinde Sv.Troica e.V.**
**IBAN: DE30 7025 0150 0950 0047 05**
**BIC: BYLADEM1KMS**

За донација до 300 евра годишно, доволно е преку контоаусцуг да вратите дел од данокот. За оние донации над 300 евра, ќе добиете потврда од нашата црковна општина за да вратите дел од данокот.

Ви благодариме за помошта!

---

# Корисни информации:

Адреса на храмот: Plinganserstr. 1, 81369 München **(klikni)**
Свештеник: отец Миле Велјановски
тел. 0176 95676547
www.mpcminhen.de **(klikni)**
info@mpcminhen.de
www.facebook.com/mpcminhensvtroica **(klikni)**

Годишен распоред на богуслужби **(klikni)**